Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), член 109 став (4) од Законот за општа управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Ѓорѓи Тодоровски од Скопје УП2 09-262/21 од 3 декември 2021 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-714 од 6 септември 2019 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-714 од 6 септември 2019 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Ѓорѓи Тодоровски од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-262/21 од 3 декември 2021 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-714 од 6 септември 2019 година на КЕЦ Аеродром, за поделба на мерно место.

Подносителот бара до постоечки струјомер во истото сандаче на надворешен ѕид да се постави второто броило. Според Електродистрибуција, согласно член 95 став 4 од Законот за енергетика, операторот на дистрибутивниот систем го утврдува видот и местоположбата на мерните уреди.

На седница на Комисијата за постапување по приговори за електрична енергија одржана на 15 декември 2021 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-261/21 од 3 декември 2021 година со прилог:
2. Дополнителни податоци од 14 декември 2021 година со прилог:

- БСП-1 образец од 29 август 2019 година
- Имотен лист бр. бр. 4811 за КП бр. 2292/1, КО ЦЕНТАР 2
- GIS скица
- РСПДМ 11-714 од 6 септември 2019 година на КЕЦ Аеродром.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 95 став (4) од Законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. 96/18 и Службен весник на РСМ бр. 96/19) локацијата на мерните уреди ја утврдува операторот на електродистрибутивниот систем во зависност од техничките можности на локацијата и истата може да биде во или надвор од границите на имотот на корисниците приклучени на електродистрибутивната мрежа.

На 20 декември 2021 година за Приговорот беше донесено Решение за одбивање УП2 бр. 09-261/21 од 20 декември 2021 година согласно член 95 став (4) од Законот за енергетика според кој локацијата на мерните уреди ја утврдува операторот на електродистрибутивниот систем во зависност од техничките можности на локацијата и истата може да биде во или надвор од границите на имотот на корисниците приклучени на електродистрибутивната мрежа.

На 13 декември 2023 година до Регулаторната комисија за енергетика од страна на Управниот суд е доставена Пресуда со која Тужбата на жалителот поднесена против горенаведеното Решение УП2 09-261/21 од 20 декември 2021 година се поништува и предметот се враќа на повторно одлучување.

Судот во изреката потенцираше дека постои грешка во поништеното Решение УП2 09-261/21 од 20 декември 2021 година, во делот на бројките на Решението на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, при што точниот број на Решението е 11-714, но во диспозитивот е наведен број 11-614.

Имајќи го предвид горенаведеното и фактот дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, се утврди како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена.

**УП2 бр. 09–262/21**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**